Вечер 8 АПРИЛ 1999

**ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

# ПЕТРОВСКИ НЕ ПРИФАЌА ДЕКА МСУ Е ВИНОВЕН ЗА НЕУЧЕСТВОТО ВО ВЕНЕЦИЈА



***● КОГА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА ДОНЕСУВА ОДЛУКА ЗА НАШЕ НЕУЧЕСТВО, А ВИНАТА ЗА ТОА СЕ ПРЕФРЛА НА МСУ КОЈ ПОНУДИ ПРОЕКТ ВОН НАЦИОНАЛНАТА СЕЛЕКЦИЈА, БЕЗМАЛКУ Е НЕФЕР И ЛАЖНА КОНСТРУКЦИЈА – РЕЧЕ ВЧЕРА НА ПРЕСОТ ДИРЕКТОРОТ НА МСУ, ЗОРАН ПЕТРОВСКИ***

Музејот за оваа манифестација се почнати пред две години, и со селекторот на Биеналето е контактирано го-

***ВО ВАКВИ СИТУАЦИИ ЛЕСНО СЕ ПРАВАТ КАРИЕРИ: ЗОРАН ПЕТРОВСКИ***

– Жалиме што Македонија, годинава, нема да учествува на 48. по ред Венецијанско биенале. На оваа најпрестижна и најстара светска ликовна манифестација нашата земја треба континуирано да е присутна, зашто Биеналето е едно од клучните места на светската културна мапа, каде се презентираат дострелите на културата на една држава, а тоа го сфаќаат и помали земји од нашите, па дури и оние што се во војна. Но во оваа ситуација, кога министерот за култура, Димитар Димитров, донесува одлука за наше неучество на манифестацијата, а вината за тоа се префрла на Музејот на современа уметност кој понуди свој проект вон националната селекција, безмалку е нефер и лажна конструкција. Во нашата средина, во вакви ситуации, лесно се прават кариери, – истакна на вчерашната прес конференција, Зоран Петровски, директор на МСУ, контра инсинуациите на директорот на Уметничката галерија, Драган Бошнаковски, изречени во јавноста. Уметничката галерија е, инаку институција – носител на проектот на избраниот македонски претставник, Петар Хаџи Бошков.

– Ако до Управата на Венецијанското биенале постоела пријава за наше учество на манифестацијата со проектот на Хаџи Бошков „Шлем – уметноста како заштита", потпишана од министерот Димитров, откаде толку паника и забуна во нашата средина кој ќе ја претставува Македонија на Биеналето, праша уште Петровски.

МСУ и неговиот директор беа обвинети од страна на Драган Бошнаковски дека со самостојно пријавување за учество на Биеналето, го минирале учеството на нашиот национален претставник на оваа манифестација Хаџи Бошков. Македонија дефинитивно годинава да не учествува на Венецијанското биенале, е одлука на министерот за култура, Димитров.

На вчерашната прес конференција Петровски објасни дека подготовките на динава, уште пред да стигне официјалната пријава за наше учество во Венеција. Но, секогаш, според Петровски, како можност за изложба вон националната селекција. Откако селекторот Харалд Симан поради презафатеност не можел да дојде во Македонија и сам да одбере проект кој би учествувал, независно од нашиот национален проект, воедно и да помогне проектот на МСУ да биде презентиран на просторот „Арсеналите" каде изложуваат земји кои немаат национален павилјон на Биеналето, МСУ се повлекол од својата намера да учествува. Како што рече вчера Петровски многу збунувачки било и писмото од Министерството за култура до оваа институција по узбуната во Уметничката галерија – кој ја претставува годинава Македонија, Даутпашиниот амам или МСУ, во кое, Музејот се известува дека проектот на Хаџи Бошков е единствениот наш национален претставник, па заради тоа од него било побарано и дополнително објаснување, што според Петровски било и сторено.

– Министерството потоа со ниедно писмо не ни забрани, а не ни ни дозволи да учествуваме со свој проект на Биеналето, проектот „Крајот на светот и меланхолија" на триото Шумковски, Димитрова и Мазневски, а и тоа не би било коректно. Нашето евентуално учество би било без средства на државата, со спонзори, и дали во таков случај државата може со указ да забранува или да дозволува некоја изложба, – потенцира вчера Петровски.

Вчерашниот прес беше и повод да реагираат и некои наши уметници и со еден друг став: зошто со одлуката, министерот ги поларизира односите меѓу нашите уметнички институции во момент кога треба да се настапува сложно? А зошто и да се исклучува можноста за настап дури и со два проекта, кога тоа веќе се случило? Со тоа Македонија повеќе би добила, отколку сега со нашето неучество, како пред четири години.

**Л. Сабит**